Телефон: + 38946511000
Телефакс: + 38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб
6000 Охрид
Република Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД
Бр. 01-198/2
24.3.2026 год.
ОХРИД

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр.82/2018, 178/21, 58/24 и 124/25) и член 113 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, согласно одржаните седници на ден 04.12.2019 година, 24.07.2020 година, 02.10.2020 година, 25.11.2020 година, 28.01.2021 година, 29.04.2021 година, 25.06.2021 година, 30.09.2021 година, 31.10.2022, 29.05.2023 година, 29.03.2024 година, 10.12.2024, 29.12.2025, 20.02.2026 и 24.03.2026 го донесе следниот

П Р А В И Л Н И К
за утврдување на плати и други надоместоци на плата на вработените на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид (пречистен текст)

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат бруто-платите и надоместоците на плата во работниот однос на вработените на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид (во понатамошниот текст: Универзитетот).

Член 2

Работникот во работниот однос има право на бруто-плата.
Бруто платите и други надоместоци на плата на работникот му се утврдуваат и исплатуваат на начин, услови, критериуми и постапка утврдени со закон и со овој Правилник.

Член 3

Работникот има право на бруто-плата сразмерно на извршената работа (најниска плата и други надоместоци), како и на плата сразмерно на неговиот придонес во создавањето на добивката.
Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20% од бруто-платата.
Зголемувањето на платата од став 2 на овој член се однесува на платата која ја зема работникот од буџетската сметка 603, и се исплаќа од сопствена сметка 788.
Бруто-платата на работникот не може да биде пониска од најниската бруто-плата утврдена за одделен степен на сложеност на работа според закон.

Член 4

Бруто-платата на работникот се пресметува и се исплатува еднаш месечно, во паричен износ.

Придонесите, даноците и другите давачки на платите и надоместоците на работникот ги исплатува Универзитетот.

Универзитетот е должен да води евиденција на бруто-платите и другите надоместоци на исплатените даноци и придонеси од плати, а на работникот да му издаде потврда за исплатената бруто-плата или надоместокот, како и потврда за исплатените даноци и придонеси.

Член 5

Бруто-платата се пресметува преку број на бодови за образование, стручност и сложеност на работните задачи за секое работно место утврдено со актот на систематизација и организација на работните места или со одлука на органот на управување.

Надоместоците утврдени со овој Правилник се пресметуваат преку бројот на бодови кој ја изразува сложеноста на работните задачи, образованието и на стручноста.

ИЗВОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА БРУТО-ПЛАТА

Член 6

Согласно со утврдените критериуми, работниците стекнуваат право на распределба и користење на буџетските средства.

Член 7

Средствата за бруто-плати се стекнуваат од различни извори и тоа:

- Средства остварени од Буџетот преку Министерството за образование и наука,
- Средства остварени како приход од студенти на сметка на сопствени приходи на Универзитетот.

БРУТО-ПЛАТА СРАЗМЕРНО НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА

Член 8

Бруто-платата на работникот за полно работно време и за нормален ефект, утврдена врз основа на сложеноста на работата не може да биде пониска од најниската бруто-плата утврдена за одделни степени на сложеност.

Најниската бруто-плата за најнизок степен на сложеност (најниска бруто-плата) ја утврдуваат и ја објавуваат Владата и Синдикатот, најмалку еднаш квартално.

Член 9

Доколку на Универзитетот настанат тешкотии во работењето или други објективни пречки во работењето кои значително ја отежнуваат исплатата на плата, се подготвува програма во која се предлагаат мерки за надминување на настанатите проблеми, а се исплатува пониска бруто-плата од најниската бруто-плата.

Најниската бруто-плата од претходниот став на овој член ја утврдува Универзитетскиот сенат.

Член 10

Работникот за да стекне право на бруто-плата е должен во текот на 40-часовната работна

недела да ги извршува доверените работни обврски и задачи од работното место, како и работните задачи што му се доверени од органите на управување, ректорот, проректорот, деканот или од непосредниот раководител.
Извршувањето на задачите треба да биде редовно без отсуствување, навремено, целосно и точно.

БРУТО-ПЛАТА

Член 11

Најниската бруто-плата за одделни степени на сложеност за полно работно време и за нормален ефект на работникот се утврдува така што почетна основа за пресметка на бруто-плата се утврдува врз основа на коефициентот за образование и стручност.

1. Буџетска сметка

Основната плата на работникот од буџетска сметка се утврдува на начин што износот на минималната плата во Р.С Македонија, утврдена со закон, се множи со коефициентот по назив/звање на работните места утврден со членот 170 б. Од дополнувањето на Законот за ВО (Службен весник на РСМ бр. 58/2024)

1.1 Наставен кадар – коефициент

Ниво	Работно место	Коефициент за основна бруто плата (603)	Коефициент за основна бруто плата (603)
		2024	**2025**
А1	Редовен професор	3,74	4,4
А2	Вонреден професор	3,4	4,0
А3	Доцент	3,06	3,6
А1	Научен советник	3,74	4,4
А2	Виш научен соработник	3,4	4,0
А3	Научен соработник	3,06	3,6
Б3	Виш лектор	2,38	2,8
В1	Лектор	1,87	2,2
В1	Асистент, асистент истражувач	2,295	2,7
	Уметнички соработник: корепетитор, снимател, монтажер, продуцент и слично; стручен соработник: виш лаборант и сл.	2,125	2,5
Г3	Стручен соработник: лаборант и сл	1,36	1,6

1.2 Ненаставен кадар – коефициент

Ниво	Работно место	Коефициент за основна бруто плата (603)	Коефициент за основна бруто плата (603)
		2024	**2025**
А1	Генерален секретар	3,40	4,0
А2	Секретар на факултет/ВСШ/ЈНУ	3,06	3,6
Б1	Советник на ректор	2,38	2,8
Б2	Раководител на сектор	2,4650	2,9
Б4	Раководител на одделение	2,295	2,7
В1	Советник	1,955	2,3
В2	Виш соработник	1,785	2,1
В3	Соработник	1,700	2,0
В4	Помлад соработник	1,615	1,9
Г1	Самостоен референт/ технички секретар/информатичар	1,445	1,7
Г2	Виш референт	1,360	1,6
Г3	Референт	1,275	1,5
Г4	Помлад рефернт	1,190	1,4

2. Сопствена сметка

Вредноста на коефициентот за пресметување на бруто-плата, надоместоци за извршување на функција, надоместоци за работа во комисии и работни тела (во понатамошниот текст: Вредноста на коефициентот), е менлива големина која зависи од остварените финансиски резултати во работењето.
Вредноста на коефициентот за сопствената сметка на Универзитетот ја утврдува Универзитетскиот сенат.
Вредноста на коефициентот се менува во иста постапка во која е утврдена.

2.1. Наставен кадар

Ред. Број	Работно место		Коефициент за бруто плата (788)	Вредност на коефициент од сопствена сметка	Бруто плата (788)

1	Редовен професор		1.118	13.086	14.630
2	Вонреден професор		0.803	13.086	10.508
3	Доцент		0.535	13.086	7.001
4	Научен соработник		0.401	13.086	5.247
5	Виш лектор		0.684	13.086	8.951
6	Лектор		0.401	13.086	5.247
7	Асистент/ Асистент Докторант		0.268	13.086	3.507
8	Асистент со докторат		0.268	13.086	3.507
9	Стручен соработник - лаборант		0.268	13.086	3.507
10	Помлад асистент		0.268	13.086	3.507

2.2 Ненаставен кадар

Ред. Број	Работно место		Коефициент за бруто плата (788)	Вредност на коефициент од сопствена сметка	Бруто плата (788)
1	Генерален секретар		1	13.086	16.999
2	Раководител на Одделение за студентски прашања		0.535	13.086	7.001
3	Виш соработник во Одделение за студентски прашања		0.137	13.086	1.793
4	Раководител на Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење		0.535	13.086	7.001
5	Советник за финансиско, сметководствено и материјално работење		0.268	13.086	3.507
6	Раководител на Одделение за општи и правни работи		0.803	13.086	10.508
7	Помлад соработник за општи и правни работи		0.096	13.086	1.256

8	Советник за деловно работење		0.137	13.086	1.793
9	Самостоен референт за деловно работење		0.803	13.086	10.508
10	Раководител на Одделение за ИКТ		0.535	13.086	7.001
11	Советник за ИКТ		0.137	13.086	1793
12	Виш соработник за ИКТ		0.137	13.086	1.793
13	Помлад соработник за ИКТ		0.068	13.086	890
14	Раководител на Одделение за библиотечно работење		0.401	13.086	5.247
15	Советник за библиотечно работење		0.137	13.086	1.793
16	Раководител на Одделение за меѓународна соработка		0.401	13.086	5.247
17	Соработник за меѓународна соработка		0.137	13.086	1.793
18	Раководител на Одделение за одржување		0.137	13.086	1.793
19	Хигиеничар – средно образование		0.137	13.086	1.793
20	Хигиеничар – основно образование		0.137	13.086	1.793
21	Хаусмајстор		0.137	13.086	1.793
22	Чувар		0.137	13.086	1.793

Лица кои се во редовен работен однос или кои се ангажирани со договор на дело/договор за вршење на услуги, може да извршуваат дополнителни работни должности доколку има потреба од нивно ангажирање. Дополнителните работни должности предвидуваат активности во Универзитетската стручна и административна служба, за кои Ректорот ќе издаде писмено задолжение со кои лицата ќе бидат дополнително ангажирани. За извршување на дополнителните работни должности на лицата ќе им биде исплаќан надоместок со коефициент 0.34, а согласно утврдената вредност на коефициентот од 13.086,00 денари. Надоместокот ќе се исплаќа од сопствена сметка на Универзитетот.

Член 12

Висината на бруто-платата на наставниците и соработниците, која се утврдува врз основа на коефициентот за стручност и образование, се однесува на активностите во прв циклус на студии. За активностите од втор и трет циклус на студии, висината на надоместокот ќе се утврдува со посебни правилници.

Член 13

Висината на бруто-платата на наставник (редовен и вонреден професор, доцент), пресметана врз основа на коефициентот за образование и стручност, се однесува на изведување на настава, испити или тестови, семинарски работи, дежурство на испити на матичниот предмет, по потреба и на други предмети.

За матичен предмет (наставна дисциплина) се смета предметот кој му е доделен на

наставникот со одлука на Ректорска Управа.

Член 14

Висината на бруто-платата на соработниците, изразена во коефициенти, се однесува на сите активности поврзани со наставата, вежбите, испитите (тестовите), семинарските трудови, дежурствата на испитите во прв циклус на студии и други активности.

Член 15

Во износот на бруто-платата на наставниците и соработниците е опфатено и:

- Прием на студенти согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот,
- Учество во работата на наставно-научниот совет, работни состаноци и друго.

Член 16

Бруто-платата на вработените во стручно-административната служба на Универзитетот се утврдува за нормално ангажирање и извршување на задачите на работното место и задачите определени со одлука на органот на управување или непосредниот раководител за 40-часовна работна недела.

Доколку работникот согласно со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот го нема предвидениот степен на образование, бруто-платата се намалува: 15% за разлика од еден степен на образование и 30% за два степена на образование.

Доколку работникот, според Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот, има повисок степен на образование од предвиденото, бруто платата му се исплатува во висина на одобрените средства од Министерството за образование и наука за соодветното образование кое го има.

Во одредени случаи каде што висината на бруто-платата е повисока од одобрените средства од Министерството за образование и наука со примена на бројот на бодовите утврдени во овој Правилник, разликата се надоместува од сметката на сопствени приходи на Универзитетот.

Член 17

По предлог на ректорот, Сенатот одлучува за покачување на коефициентот, при ефикасно и редовно извршување на работните обврски на вработениот. Ректорот има право на задршка на додатокот кај вработен, во случај на неизвршување на обврските од овој член.

Член 18

На вработените на Универзитетот може да им се додели месечна парична награда за подигање на квалитетот и ефикасноста на извршената работа.

За месечните наградувања од став 1 на овој член одлучува Ректорот, по предлог од Проректорите на Универзитетот и/или Генералниот секретар, следејќи ја работната успешност и ангажманот на вработените, а согласно следните критериуми:

1. Тимска работа од 0.05 до 0.4 бодови
2. Иновативност од 0.2 до 0.5 бодови
3. Придонес за афирмација на УИНТ од 0.3 до 0.8 бодови
4. Сложеност на работно место од 0.2 до 0.8 бодови
5. Одговорност на работно место од 0.2 до 0.8 бодови
6. Зголемен обем на работа од 0.2 до 0.4
7. Дополнителни ангажмани/активности –од 0.05 до 0.4

НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈА

Член 19

Од сопствени приходи за извршување на посебно одговорни, раководни и управни активности се утврдува следниот износ на надоместокот кој се исплаќа во месечна бруто плата, а за кој надоместок Универзитетот ја презема исплатата и исптата ќе ја врши од сопствена сметка.

Ректор, проректор, декан/директор, продекан/заменик-директор и раководител на основна внатрешна наставно-научна организациона единица имаат право на функционален додаток.

Функционалниот додаток на плата се исплаќа од сопствени приходи на Универзитетот тој се изразува во коефициенти во однос на износот на минималната нето плата, и се утврдува во висина:

	Функција	Број на бодови за надоместок за извршување на функција
1	Ректор	0.8598
2	Проректор	0.8598
3	Декан	0.3625

Од сопствените приходи на Универзитетот, за извршување на посебно одговорни, раководни и управни активности во текот на годината (ректор, проректор, генерален секретар, декан, директор, продекан, советник) се утврдуваат следниве износи на надоместоци (на кои не се пресметува покачувањето на бројот на бодовите од член 17):

Надоместоците од став 2 на овој член под реден број 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 се исплаќаат на

	Функција	Број на бодови за надоместок за извршување на функција	Вредност на бод	Бруто износ
1	Ректор	1.69815	13.086	22.222
2	Проректор	0.84907	13.086	11.111
3	Генерален секретар	1	13.086	13.086
4	Продекан	0.399	13.086	5.229
5	Директор	0.399	13.086	5.229
6	Учесник во работата на Сенатот и Ректорската Управа на универзитетот и Наставно-научните совети на факултетите	0.1	13.086	1.308
7	Претседател на Сенат	1.69815	13.086	22.222

месечна основа од сопствени приходи на Универзитетот.

Надоместокот од став 2 на овој член под реден број 6 се исплаќа по одржана седница на

Сенатот/Ректорската Управа на Универзитетот/Наставно-научниот совет на факултетот и доставена листа на присутни членови до Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење на Универзитетот, потпишана од Ректорот на Универзитетот.
Надоместоците од став 1 на овој член се исплаќаат на месечна основа од сопствени приходи на Универзитетот.
Одредбите од овој правилник кои ги уредуваат надоместоците за учество во работата на Сенатот и Ректорската Управа на универзитетот и Наставно-научните совети на факултетите на комисии и други работни тела, се однесуваат и важат и за студентите, во случаи кога студентите се членови во универзитетските и факултетски тела.

НАДОМЕСТОЦИ ЗА РАБОТА ВО КОМИСИИ И ДРУГИ ТЕЛА

Член 20

За учество во комисија за изработка на реферат за избор на наставник/асистент на Универзитетот, се исплаќа следниов надоместок:

	Надоместок за Претседател на комисија				Надоместок за Член на комисија		
	Нето	Број на бодови	Вредност на бод		Нето	Број на бодови	Вредност на бод
При избор на редовен професор	8,000	0.6113	13,086		5,000	0.3821	13,086
При избор на вонреден професор	7,000	0.5349	13,086		4,000	0.3057	13,086
При избор на доцент	6,000	0.4585	13,086		3,000	0.2293	13,086
При избор на научен соработник	5,000	0.3821	13,086		2,000	0.1528	13,086
При избор на лектор/виш лектор	5,000	0.3821	13,086		2,500	0.1910	13,086
При избор на асистент	4,000	0.3057	13,086		2,000	0.1528	13,086
При избор на стручен соработник - лаборант	4,000	0.3057	13,086		2,000	0.1528	13,086

Исплатата на комисиите се врши по доставен навремен писмен реферат и по завршување на постапката за поднесување приговор на поднесениот реферат.

Член 20-а

За менторирање на магистерски труд и учество во комисија за оценка и одбрана на магистерски труд, се исплаќа следниов надоместок:

	Нето износ	**Број на бодови**	**Вредност на бод**
Ментор на магистерски труд	**6,000.00**	**0.459**	**13,086.00**

Членови на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд	**1,500.00**	**0.115**	**13,086.00**

Исплатата на надоместокот ќе се врши по одржана одбрана на магистерскиот труд.

Член 21

За изготвување рецензија за потребите на Универзитетот се исплаќа следниот надоместок:

	Нето-износ	Број на бодови	Вредност на бод
Учебник	15,000.00	1.1463	13,086.00
Учебничко помагало	12,000.00	0.9170	13,086.00
За монографија	9,000.00	0.6878	13,086.00
За труд во периодична публикација	3,000.00	0.2293	13,086.00

Исплатата се врши по доставена и прифатена рецензија од страна на одговорното лице на Универзитетот или лице овластено од одговорното лице.

Член 22

За учеството во комисии, работни групи, тела и слично, се исплаќаат следниве надоместоци. За секој член се донесува поединечна одлука за исплата.

	Претседател на комисија				Член на комисија		
	Нето-износ	Бројнабодови	Вреднонабод		Нето-износ	Бројнабодови	Вреднонабод
Комисија за јавни набавки	2,000.00	0.1528	13,086.00		1,000.00	0.0764	13,086.00
Комисија за попис на библиотечен фонд	2,000.00	0.1528	13,086.00		1,000.00	0.0764	13,086.00
Комисија за попис на ситен инвентар,	2,000.00	0.1528	13,086.00		1,000.00	0.0764	13,086.00

побарувања и обврски, резервни делови, парични средства на трезорска сметка и благајна							
Комисија за попис на материјални и нематеријални средства (основни средства)	2,000.00	0.1528	13,086.00		1,000.00	0.0764	13,086.00
Универзитетска конкурсна комисија за прв циклус студии	3,000.00	0.2293	13,086.00		2,000.00	0.1528	13,086.00
Универзитетска конкурсна комисија за втор циклус студии	3,000.00	0.2293	13,086.00		2,000.00	0.1528	13,086.00
Комисија за прием на апликации по конкурс за упис на студенти	2,000.00	0.1528	13,086.00		1,000.00	0.0764	13,086.00
Комисија за администрирање на постапка за нострификација на дипломи на странски професори	6,000.00	0.4585	13,086.00		3,000.00	0.2293	13,086.00
Комисија за администрирање на постапка за нострификација на дипломи на странски студенти	3,000.00	0.2293	13,086.00		1,500.00	0.1146	13,086.00
Комисија за признавање испити и пренесување кредити	100	0.0076	13,086.00		50	0.0038	13,086.00
Дисциплинска комисија	2,000.00	0.1528	13,086.00		1,000.00	0.0764	13,086.00
Комисија за прегледување студентски	150	0.0114	13,086.00		100	0.0076	13,086.00

досиеа							
Комисија за финансии, инвестиции и развој	6,000.00	0.4585	13,086.00		3,000.00	0.2293	13,086.00
Комисија за соработка со универзитетите во земјата и во странство	6,000.00	0.4585	13,086.00		4,000.00	0.3057	13,086.00
Комисија за издавачка дејност	6,000.00	0.4585	13,086.00		3,000.00	0.2293	13,086.00
Комисија за нормативна дејност	9,000.00	0.6878	13,086.00		7,000.00	0.5350	13,086.00
Комисија за студентски стандард	2,000.00	0.1528	13,086.00		1,000.00	0.0764	13,086.00
Комисија за култура и спорт	2,000.00	0.1528	13,086.00		1,000.00	0.0764	13,086.00
Комисија за информатичка технологија	2,000.00	0.1528	13,086.00		1,000.00	0.0764	13,086.00
Комисија за странски професори и студенти	6,000.00	0.4585	13,086.00		3,000.00	0.2293	13,086.00
Комисија за подготовка на студиска програма од прв циклус студии	6,000.00	0.4585	13,086.00		5,000.00	0.3821	13,086.00
Комисија за подготовка на студиска програма од втор циклус студии	6,000.00	0.4585	13,086.00		5,000.00	0.3821	13,086.00
Комисија за подготовка на студиска програма од трет циклус студии	6,000.00	0.4585	13,086.00		5,000.00	0.3821	13,086.00
Комисија за одбрана на дипломски труд	1.000,00	0.0764	13.086,00		500,00	0.0382	13.086,00
Комисија за подготовка на тригодишна и годишна	3,000.00	0.2293	13,086.00		2,000.00	0.1528	13,086.00

програма за работа							
Комисија за промоција на Универзитетот	6,000.00	0.4585	13,086.00		4,000.00	0.3057	13,086.00
Комисијата за обработка на веб содржини, дизајн и ажурирање на веб страна на УИНТ	6,000.00	0.4585	13,086.00		4,000.00	0.3057	13,086.00
Комисија за наставна и научна дејност	9,000.00	0.6878	13,086.00		7,000.00	0.5349	13,086.00
Совет на докторски студии	9,000.00	0.6878	13,086.00		7,000.00	0.5349	13,086.00
Комисија за спроведување интервју со кандидати за трет циклус студии	3,000.00	0.2293	13,086.00		2,000.00	0.1528	13,086.00

Исплатата на комисијата за јавни набавки, комисијата за попис на библиотечен фонд, комисијата за попис на побарувања и обврски, парични средства на трезорска сметка и благајна, ситен инвентар, комисијата за попис на материјални средства (основни средства), универзитетската конкурсна комисија, комисијата за прием на апликации по конкурс за упис на студенти, дисциплинската комисија, комисијата за наука, комисијата за финансии, инвестиции и развој, комисијата за соработка со универзитетите во земјата и странство, комисијата за издавачка дејност, комисијата за студентски стандард, комисијата за култура и спорт и комисија за информатичка технологија, се врши по доставен и усвоен извештај со приложена документација (предлог-одлука, пописни листи, записници од состаноци и сл.)

Исплатата на Комисијата за администрирање на постапка за нострификација на дипломи на странски професори и комисијата за администрирање на постапката за нострификација на дипломи на странски студенти се врши по завршување на постапката за нострификација пред Министерството за образование и наука со добивање на решение за признавање на средно образование.

Исплатата на комисијата за настава, комисијата за наука, комисијата за издавачка дејнос и комисијата за промоција на универзитетот се врши по доставен и усвоен извештај за спроведените активности од оваа комисија, на крај на секој семестар.

Исплатата на комисијата за признавање испити и пренесувње кредити се врши по доставен и усвоен извештај за признаени испити и пренесени кредити, на крај на секој семестар.

Исплатата на комисијата за прегледување на студентски досиеа се врши по доставен и усвоен извештај за прегледани студентски досиеа, на крај на секој семестар.

Исплатата на комисијата за нормативни акти се врши по доставен извештај за донесување и усвојување на нормативните акти, на крајот на секој семестар .

Исплатата на комисијата за странски професори и студенти се врши по доставен и усвоен извештај, на крај на секој семестар.

Исплатата на комисиите подготовка на студиска програма од прв, втор и трет циклус се врши по подготвена, усвоена и акредитирана студиска програма.
Персоналниот данок на надоместоците за учество во комисии и работни тела е на товар на Универзитетот

Одредбите од овој правилник кои ги уредуваат надоместоците за работа на комисии и други работни тела, се однесуваат и важат и за студентите, во случаи кога студентите се членови во комисиите и работните тела.

Исплатата на Советот за докторски студии се врши по доставен и усвоен извештај за работата, на крај на секој семестар

Исплатата на Комисијата за спроведување интервју со кандидати за трет циклус студии се врши по доставен и усвоен извештај за работата на комисијата.

Член 23

За потребите на Универзитетот, а согласно одредбите од Статутот и другите интерни акти на Универзитетот, може да се формираат и други комисии и работни тела. Органот кој ќе одлучи за потребата од формирање на комисија односно работно тело и ќе го дефинира составот на истата, ќе одлучи и за надоместокот кој треба да се исплаќа на комисијата односно работното тело.

НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА

Член 24

На вработените на Универзитетот им припаѓаат надоместоци на бруто-плата за:

- Годишен одмор
- Празници утврдени со закон и со друг пропис
- Отсуства поради бременост, раѓање и мајчинство
- Нега на дете
- Стручно оспособување и преквалификација, односно доквалификација, согласно со потребите на Универзитетот,
- Други случаи утврдени со законски прописи и колективни договори.

Надоместок на бруто-плата по овие основи се утврдува во висина на бруто-платата на работникот за период утврден со закон.

Член 24-а

Годишниот одмор трае најмалку 20 работни дена а најмногу 26 работи дена.
Должината на годишниот одмор се утврдува врз основа на следните критериуми:

1. Должнина на работното искуство
   - Од 1 до 5 години – два дена
   - Од 6 до 10 години – три дена
   - Од 11 до 15 години – четири дена
   - Од 15 до 20 години – пет дена
   - Од 21 до 25 години – шест дена
   - Над 25 години – седум дена

2. Сложеност на работите на работното место
   - Работници на работно место за кое е потребно високо образование – 3 дена
   - Работници на работно место за кое е потребно вишо или средно образование – 2 дена

3. Извршување функција

- Работници кои извршуваат функција Ректор, Проректор, Декан, Продекан – 3 дена

Член 25

За време на неспособност за работа до 30 дена, работникот има право на надоместок на бруто-плата согласно позитивните законски прописи од областа на здравственото, социјално и пензиско осигурување.
За професионални заболувања и повреди на работа и за други случаи утврдени со закон надоместокот се утврдува во висина од 100% од исплатената бруто-плата од претходниот месец.

Член 26

Работникот има право на надоместок на бруто-плата за време на прекин на работа без негова вина до 8 (осум) часа во висина од 100% од бруто-платата, од 1 до 30 дена – 80 % од бруто-платата, а над 30 дена – 70 % од бруто-платата утврдена за работното место.
Надоместокот се исплатува доколку не е можно да се надомести изгубеното работно време.

Член 27

Покрај надоместоците од член 24, член 25 и член 26 од овој Правилник, на работникот му се исплатува:

- двократен износ од просечна нето-плата по работник при заминување во пензија;
- во случај на смрт на работник или член на блиското семејство, за потешки елементарни непогоди, подолго боледување при што надоместокот не може да биде помал од просечната плата во стопанството на Република Македонија;
- јубилејни награди за најмалку 10-годишна работа на Универзитетот во висина на просечната месечна плата во стопанството на Република Македонија, исплатена во претходните 3 (три) месеци.

ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

Член 28

За спроведување дополнителна испитна сесија се исплаќаат следниве надоместоци:

- 0.0076 бодови (надоместок од 100,00 денари во нето износ) по студент кој полагал во дополнителна испитна сесија, за подготовка на испитни прашања, спроведување на испитот, оценување на испитните тетратки и објавување на извештај од спроведената испитна сесија, кој износ се исплаќа на предметниот наставник;
- 0.0015 бодови (надоместок од 20,00 денари во нето износ) по студент кој полагал во дополнителна испитна сесија, за асистирање во подготовката и спроведувањето на испитот и чување на студентите за време на испитот, кој износ се исплаќа на назначениот соработник (асистент/помлад асистент);
- 0.00076 бодови (надоместок од 10,00 денари во нето износ) по студент кој полагал во дополнителна испитна сесија, за прием, проследување, обработка и анализа на пријавите и извештаите од дополнителната испитна сесија, кој износ се исплаќа на Раководителот на одделот за студентски прашања и ЕКТС.

Надоместоците од став 1 на овој член се исплаќаат по доставен и одобрен извештај од предметниот наставник, соработникот и Раководителот на одделот за студентски прашања и ЕКТС, до Ректорот на Универзитетот.

Член 29

Средства за репрезентација се исплаќаат (рефундираат) најмногу до следниве износи по семестар:

Звање	Нето-износ на надоместок за средства за репрезентација	Број на бодови	Вредност на бод
Ректор	28,000.00	2.139	13,086.00
Проректор	25,000.00	1.910	13,086.00
Генерален секретар	22,000.00	1.681	13,086.00

Средствата за репрезентација се користат на начин и под условите утврдени во интерните акти на Универзитетот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 30

За висината на бруто-платата и надоместоците на плата утврдени со овој Правилник, Ректорот на Универзитетот ќе им издаде посебни поединечни решенија на вработените.
Незадоволните работници од решението од претходниот став на овој член имаат право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на неговиот прием до Сенатот кој донесува конечна одлука.

Член 30 – а

Право на бруто - плата на вработените на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, стекнато пред стапување на сила на овој Правилник за измена и дополнување на Правилникот за плати и други надоместоци од плата на вработените на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, не смее да се намалува поради идни промени на коефициентите за утврдување на плата.
На лицата од став 1 разликата на бруто плата ќе се исплаќа од сопствена сметка.

Член 31

На наставниот и соработничкиот кадар на кој му е одобрено платено отсуство согласно член 186 од Законот за високото образование и член 319 од Статутот на Универзитетот, не му се пресметува и исплаќа бруто плата од сопствена сметка (788).

ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Овој Правилник стапува на сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот

претседател на Сенат
проф. д-р Нинослав Марина, с.р.